**ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА - СКОПЈЕ**

# С Т А Т У Т
## на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

**СКОПЈЕ, МАРТ 2010 ГОДИНА**

Врз основа на член 31 алинеја 1 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08 и 103/08), Советот на Институтот за македонска литература - Скопје на 44. седница одржана на 5.3.2010 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Со овој статут се уредуваат статусот, називот и седиштето, застапувањето и претставувањето, обележјата на Институтот, начинот на вршењето на дејностите, организационата поставеност, органите на Институтот, постапката за избор во научни звања, општите правни акти и други прашања од значење за работата на Институтот за македонска литература - Скопје (во натамошниот текст: Институтот).

**Член 2**

Институтот е јавна научна установа која врши научно-истражувачка дејност и високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус, во областа на историјата и теоријата на македонската литература и култура, современите книжевни и културни процеси и нивните врски и влијанија со другите литератури и култури.

Дејноста на Институтот е од висок стратешки и национален интерес за Република Македонија.

**Член 3**

Основач на Институтот е Владата на Република Македонија.

## Назив и седиште

**Член 4**

Институтот работи под назив: Република Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Јавна научна установа, Институт за македонска литература-Скопје.

Скратениот назив е Институт за македонска литература-Скопје.

Називот на англиски јазик е Institute of Macedonian Literature-Skopje.

Седиштето на Институтот е во Скопје, ул. „Григор Прличев" бр.5.

**Својство на правно лице**

**Член 5**

Институтот има својство на правно лице и во правниот промет со трети лица настапува самостојно, а за преземените обврски одговара со сите свои средства.

Институтот има жиро сметки.

**Член 6**

Институтот е запишан во Регистарот на субјектите за вршење на научно-истражувачката дејност што го води Министерството за образование и наука, под регистарски број 13.

Институтот е запишан во Централниот регистар на Република Македонија.

**Член 7**

Институтот може да пристапува или истапува од универзитети со Одлука на Советот.

Институтот по сопствено определување е придружна членка на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и со посебен акт се уредени меѓусебните односи.

Институтот има свој претставник во Универзитетскиот сенат, од редот на научните советници.

Постапката за избор на претставникот на Институтот и неговото учество во работата и одлучувањето на Сенатот се утврдени со Статутот на Универзитетот„Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 8**

Институтот, својата дејност ја остварува врз принцип на академска автономија.

Одредбите за автономијата кои се утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје соодветно се применуваат и на Институтот.

**ЗАСТАПУВАЊЕ И ПРЕТСТАВУВАЊЕ**

**Член 9**

Директорот го застапува и претставува Институтот во рамките на своите надлежности утврдени со закон и со актите на Институтот.

Документите од надлежност на Институтот ги потпишува директорот.

**ПЕЧАТ, ШТЕМБИЛ, АМБЛЕМ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА**

**Член 10**

Институтот има свој печат, штембил и амблем.

Печатот има тркалезна форма и во средината го содржи грбот на Република Македонија и натпис во три реда. Во надворешниот прв ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во внатрешниот втор ред: Јавна научна установа, Институт за македонска литература, Скопје, а во внатрешниот трет ред: Република Македонија.

Штембилот има форма на правоаголник и во него покрај називот на Институтот е означено местото за бројот и датата на актот што се заведува.

Институтот има свој амблем. Основата на амблемот претставува круг во чиј центар се наоѓа отворена книга и перо, кои ја симболизираат дејноста на институцијата, а околу нив полукружно е испишан називот *Институт за македонска литература - Скопје* и под нив во намот е впишана годината на основање (1981).

**Член 11**

Печатот и штембилот се употребуваат за канцелариско и архивско работење на Институтот.

Начинот на употреба, видовите, чувањето и уништувањето на печатот и штембилот е регулирано со посебен закон и одлука на директорот на Институтот.

**Член 12**

Институтот соодветно ги употребува симболите на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје - грбот, знамето и химната, на начин и под услови утврдени со Статутот на Универзитетот.

**Директорски инсигнии и одора**

**Член 13**

Директорот носи директорски инсигнии и одора, кои се установени на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Директорските инсигнии го содржат грбот на Универзитетот и делот кој ја симболизира словенската писменост и култура и две обележја од дејноста на Институтот. Едното обележје е амблемот на Институтот, а другото старословенските букви ⰀⰁⰂ (Азъ, Боукъі, Вѣдъі), чии еквиваленти во македонскиот стандарден јазик се **А**, **Б** и **В**.

Директорските инсигнии и одората ги носи директорот на Институтот при прослави, промоции и други свечености на Универзитетот и на Институтот, при претставување на Институтот на меѓууниверзитетски, меѓуинститутски и меѓународни средби и сл.

**Ден на Институтот, награди и признанија**

**Член 14**

Ден на Институтот е **14 јануари**, денот кога Институтот во 1981 година е основан во рамките на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" во Скопје.

**Член 15**

По повод јубилеи и други значајни настани, Институтот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата ги утврдува Советот.

**ЈАВНОСТ ВО РАБОТАТА**

**Член 16**

Работата на Институтот е јавна.

Дневниот ред и Записникот од работата на Советот се објавуваат на огласна табла во Институтот.

Вработените и јавноста се информираат за целокупната работа на Институтот, освен за работите кои се утврдени како деловна тајна.

Институтот определува службени лица за посредување при остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер.

Институтот има своја ВЕБ локација во Интернет мрежата.

**ДЕЛОВНА ТАЈНА**

**Член 17**

За деловна тајна се сметаат документите и податоците кои со закон или друг пропис се сметаат за деловна тајна, како и податоците што ќе бидат утврдени со посебен акт на Советот.

**ВОНРЕДНА СОСТОЈБА**

**Член 18**

Во случај на вонредна состојба, Институтот продолжува со остварување на научно-истражувачката и високообразовната дејност, заради што во рамките на своето редовно работење, во согласност со законските прописи спроведува соодветни подготовки и изработува документи за работа во вонредна состојба.

Со спроведувањето на подготовките и преземањето мерки за заштита и спасување раководи директорот на Институтот.

## ДЕЈНОСТ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 19**

Институтот во рамките на својата дејност:

- ги планира остварувањето и развојот на дејностите за кои е основан во согласност со буџетските средства, средствата од самофинансирачки активности, донации и сл.;
- врши научно-истражувачка дејност, високообразовна дејност за втор и трет циклус студии, стручно-апликативна дејност во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во едно или повеќе сродни полиња на истражување во научното подрачје на хуманистичките науки и нивната поврзаност со општествените науки и се грижи за нивниот развој;
- остварува меѓународна соработка со сродни научни и високообразовни установи согласно овој статут;
- реализира домашни и меѓународни научноистражувачки проекти;
- организира научни симпозиуми, конференции, собири во земјата и странство согласно овој статут;
- собира и чува архивска граѓа;
- се грижи за дигитализација и заштита на податоци;
- ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечна и документациска дејност, како и размена на научни изданија со сродни установи во земјата и странство;
- издава уверенија и други документи за завршени втор и трет циклус студии, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
- врши издавачка дејност (периодика, научни изданија, учебници)
- организира стручна и административна служба;
- се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат научно-истражувачка и високообразовна дејност и за кадрите во стручната и административната служба;
- се грижи и презема мерки за тековно и инвестициско одржување на објектот и имотот;
- врши и други работи утврдени со закон и овој статут.

**Член 20**

Институтот ја организира и ја остварува научно-истражувачката и високообразовната дејност на студиите од втор и трет циклус како единствен процес.

**Член 21**

Институтот е јавна научна установа која врши научно-истражувачка и високообразовна дејност на студии од втор и трет циклус, во областа на историјата и теоријата на македонската литература и култура, современите книжевни и културни процеси и нивните врски и влијанија со другите литератури и култури;

се грижи за оспособување и усовршување на кадрите за научно-истражувачка работа, како и за создавање и осовременување на научно-истражувачката инфраструктура која е во функција на остварувањето на научните истражувања.

**Член 22**

Научно-истражувачката дејност на Институтот се остварува преку донесување на годишни програми за работа и развој во рамките на Националната програма за научно-истражувачката дејност на Република Македонија.

**Член 23**

Институтот врши високообразовна дејност за студии од втор и трет циклус.

За изведувањето на студиите од став 1 на овој член, соодветно се применуваат прописите од областа на високото образование.

**Член 24**

Институтот остварува издавачка дејност преку објавување на резултати од научно-истражувачките проекти, изворна архивска граѓа, научни монографии, периодични научни списанија, зборници на трудови од одржани научни собири и други изданија од областа на книжевноста.

## ОРГАНИЗАЦИОНА ПОСТАВЕНОСТ НА ИНСТИТУТОТ

### Одделенија

**Член 25**

Научно-истражувачката дејност на Институтот се одвива преку следните одделенија:

- Одделение за средновековна македонска литература;
- Одделение за македонска народна литература;
- Одделение за македонска литература во XIX век;
- Одделение за македонска литература во XX век;
- Одделение за македонско-балкански книжевноисториски врски;
- Одделение за литературите на припадниците на заедниците во (Република) Македонија;
- Одделение за теорија на литературата и компаративна книжевност;
- Одделение за библиографија, документација, библиотека и информатика.

Институтот може да основа и други одделенија и да врши промени во постоечките одделенија.

Одлука за основање и за припојување или делење на одделенијата донесува Советот.

Вршењето на нормативно-правни, финансиско-сметководствени и други стручни и административно-технички работи се остварува преку стручната и административната служба на Институтот.

## ОРГАНИ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 26**

Органи на Институтот се Советот и директорот.

## 1. СОВЕТ НА ИНСТИТУТОТ

### Положба и состав

**Член 27**

Советот е орган на управување  и стручен орган.

**Член 28**

Советот е составен од девет членови.

Шест членови избираат вработените истражувачи по основ на стручност и компетентност од кои најмалку тројца се доктори на науки (претставници на вработените).

Тројца членови определува Владата на Република Македонија (претставници кои ги определува Владата).

Директорот и секретарот учествуваат во работата на Советот, без право на одлучување.

### Постапка за избор и мандат на членовите на Советот

**Член 29**

Постапката за избор на членови на Советот започнува најдоцна 30 дена пред истекот на мандатот на постојниот Совет.

Постапката ја покренува постојниот Совет, чиј претседател ја свикува и конститутивната седница на новиот Совет.

**Член 30**

Постапката околу спроведувањето на гласањето и пребројувањето на гласовите ја врши комисија од три членови што ја формира Советот од редот на вработените во Институтот.

За членови на комисијата од став 1 на овој член не можат да бидат избрани вработени кои се можни кандидати за членови на новиот Совет.

**Член 31**

Претставниците на вработените, со непосредно и тајно гласање се избираат од вработените истражувачи.

**Член 32**

За избрани претставници на вработените се сметаат оние истражувачи кои при гласањето добиле најголем број гласови.

Ако двајца истражувачи со исто звање при гласањето добијат ист број на гласови, гласањето за овие кандидати се повторува.

**Член 33**

Мандатот на членовите на Советот трае четири години.

Во текот на мандатот може да се изврши замена на член на Советот на ист начин и постапка како и при избирањето на членовите на Советот.

Мандатот на новиот член трае до истекот на мандатот на членовите на постојниот Совет.

**Член 34**

Советот се конституира во рок од осум дена од денот на определувањето на претставниците во Советот од страна на Владата на Република Македонија.

**Член 35**

Советот има претседател.

Претседателот на Советот ги свикува седниците и претседава со нив, го претставува Советот и се грижи за законско работење на Советот.

Претседателот на Советот се избира од редот на претставниците на вработените.

За претседател на Советот е избрано лицето кое добило мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

Начинот на гласање за избор на претседателот се утврдува на Конститутивната седница.

**Член 36**

Ако Советот се определи за тајно гласање, постапката за избор на претседател ја спроведува изборна комисија од три члена, избрана од Советот со јавно гласање.

Изборната комисија подготвува посебни гласачки ливчиња за избор на претседател, раководи со гласањето и ги утврдува резултатите од изборот.

Кандидатите за претседател на гласачките ливчиња се внесуваат по азбучен ред.

Утврдените резултати од комисијата се конечни и Советот одлуката за избор на претседател ја донесува врз основа на утврдените резултати.

**Член 37**

Во случај на отсутност или спреченост на претседателот, работите и задачите од неговата надлежност ги врши заменикот на претседателот.

Заменикот на претседателот се избира на истиот начин кој е предвиден за избор на претседател на Советот.

**Член 38**

Советот, покрај работите утврдени со Законот за научно-истражувачката дејност, ги врши и следните работи:

- донесува Деловник за својата работа;
- избира претседател и заменик на претседателот на Советот;
- одлучува за отворање на сметки на Институтот;
- одлучува за финансирање на научно-истражувачки проекти и изданија во рамките на годишната програма;
- одлучува за распишување на конкурс за предвремен избор и за пополнување или отворање на нови работни места на истражувачите;
- формира рецензентски комисии за избор и преизбор во научни звања;
- избира рецензенти за оценка на научните трудови;
- усвојува извештаи од остварените учества на научни собири и студиски престои во странство;
- утврдува студиски и предметни програми;
- формира Наставно-научен колегиум за втор и трет циклус студии;
- одлучува за упис на кандидати на втор и трет циклус студии;
- донесува календар за секоја наредна академска година и план на студиите;
- ја спроведува постапката за стекнување научен степен магистер на науки и доктор на науки;
- формира Комисија за евалуација;
- избира претставник во Универзитетскиот сенат;
- предлага координатор и теми за Научната конференција на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура;
- избира членови од својот состав во Сојузот на друштвата за македонски јазик и литература на Република Македонија, во Македонскиот национален славистички комитет и во други сродни здруженија и невладини организации;
- врши други работи кои се во функција на остварување на дејноста.

За одделни научни и стручни прашања, Советот може да формира одбори, комисии и други помошни тела.

**Член 39**

Во одлучувањето по прашањата од член 38 учествуваат претставниците на вработените, а одлуките по тие прашања се сметаат за донесени доколку за нив гласале мнозинството од овие претставници.

**Член 40**

Претставникот на вработените во Советот се разрешува пред истекот на времето за кое е избран ако:

- самиот побара да биде разрешен;
- неоправдано отсуствува од три последователни седници на Советот;
- е упатен на стручно усовршување во странство на подолг временски период;
- е спречен во подолг временски период да учествува во работата на Советот;
- му престане или му мирува работниот однос;
- во други случаи утврдени со закон, овој статут и актите на Институтот.

**Член 41**

Иницијатива за разрешување на претставник на вработените во Советот, доколку не се придржува за Деловникот за работа, ја крши работната дисциплина или не ги исполнува обврските може да покренат најмалку половина од вкупниот број членови на Советот.

Одлуката за разрешување се смета за донесена доколку за неа гласале најмалку две третини од вкупниот број членови на Советот.

**Наставно-научен колегиум**

**Член 42**

За организирање втор и трет циклус студии Советот формира Наставно-научен колегиум, кој го сочинуваат лицата избрани во научни звања кои учествуваат во изведувањето на наставата и претставници на студентите.

Бројот на претставниците на студентите изнесува не помалку од 10% од вкупниот број членови на Наставно-научниот колегиум.

Мандатот на претставниците на студентите трае една година, со право на уште еден последователен мандат.

## 2. ДИРЕКТОР

**Член 43**

Директорот е раководен орган на Институтот.

Директорот го претставува и застапува Институтот во земјата и странство.

Во случај на отсуство или спреченост, директорот овластува лице кое ќе го претставува и застапува Институтот.

**Член 44**

Постапката за избор на директор се спроведува најрано 90 дена пред истекот на мандатот на директорот.

**Член 45**

За директор на Институтот може да биде избрано лице со научно или наставно-научно звање кое ги исполнува и следниве услови:

- да е афирмиран научен работник и
- да поседува способности за организирање на работата на Институтот.

Пријавениот кандидат за директор доставува програма за работа за мандатниот период.

**Член 46**

Конкурсната комисија утврдува предлог кандидати за директор (ранг листа) со мнозинство гласови од вкупниот број членови најдоцна 15 дена од денот на заклучувањето на конкурсот.

Конкурсната комисија одлучува во полн состав.

**Член 47**

Ако Конкурсната комисија не утврди предлог кандидати (ранг листа) во предвидениот рок, истата се распушта и се формира нова конкурсна комисија на начин утврден со Законот.

**Член 48**

Советот врши избор на директор најдоцна 15 дена од денот на поднесувањето на предлогот на Конкурсната комисија.

Начинот на гласање за избор на директор се утврдува на самата седница на која се врши изборот.

**Член 49**

Ако Советот се определи за тајно гласање, постапката за избор на директор ја спроведува изборна комисија од три члена, избрана од Советот со јавно гласање.

Изборната комисија подготвува посебни гласачки ливчиња за избор на директор, раководи со гласањето и ги утврдува резултатите од изборот.

Кандидатите за директор на гласачките ливчиња се внесуваат по азбучен ред.

Утврдените резултати од комисијата се конечни и Советот одлуката за избор на директор ја донесува врз основа на утврдените резултати.

**Член 50**

Директорот се избира за време од четири години.

Исто лице може повторно да биде избрано за директор.

**Член 51**

Согласност на одлуката за избор на директор дава Владата на Република Македонија.

**Член 52**

Директорот, покрај работите утврдени со Законот за научно-истражувачката дејност, ги врши и следните работи:

- го извршува финансискиот план како наредбодавач;
- на Советот му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашања чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
- на Советот му поднесува годишен извештај за работата;
- се грижи за усогласено остварување на научно-истражувачката и високообразовната дејност;
- распишува конкурс за редовен избор во научно звање;
- распишува конкурс за избор во научни звања, шест месеци пред истекот на времето за кое се избрани;
- одлучува за потребата од работници, односно за засновање работен однос;
- распишува оглас за избор на работници во Стручната служба на Институтот;
- се грижи за извршување на работите предвидени со актот за систематизација на работните места;
- ја води и ја иницира меѓународната соработка и презема мерки за нејзино остварување и развивање;
- учествува во работата на Советот на Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура;
- воспоставува деловна соработка со државни, стопански и други субјекти;
- ги промовира студентите кои завршиле втор циклус на студии;
- ги потпишува јавните исправи што ги издава Институтот;
- ги потпишува дипломата и додатокот на диплома заедно со ректорот на Универзитетот;
- одлучува по приговорот на студентот заради оценка од проверка на знаењето и формира Комисија за повторно полагање на испитот;
- одлучува по барањето на студентот за повторување на испит;
- управува со имотот на Институтот и се грижи за неговото одржување;
- се грижи за создавање подобри материјални и други услови за вршење на научно-истражувачката дејност;
- врши и други работи предвидени со закон, овој статут и другите општи акти на Институтот.

**Член 53**

Директорот може да биде разрешен и пред истекот на времето за кое е избран:

- на негово барање;
- ако му престане работниот однос;
- ако не се придржува до законите, статутот и другите општи акти;
- ако не ги спроведува одлуките на Советот;
- ако со својата несовесна и неодговорна работа предизвика поголема штета на Институтот;
- ако несовесно ги извршува своите работи и задачи и
- во други случаи утврдени со закон.

**Член 54**

Иницијатива за разрешување на директор можат да покренат најмалку половина од вкупниот број претставници на вработените или Владата на Република Македонија преку своите претставници во Советот.

Одлуката за разрешување на директор се смета за донесена доколку за неа гласало мнозинство од вкупниот број претставници на вработените и мнозинство од вкупниот број претставници кои ги определува Владата на Република Македонија.

**Член 55**

Ако на јавниот конкурс за избор на директор не се јават кандидати или ако Советот не избере директор од пријавените кандидати, се распишува нов јавен конкурс.

Јавен конкурс за избор на директор се распишува и при разрешување на директорот.

Во случаите од ставовите 1 и 2 на овој член Советот избира вршител на должноста директор (во натамошниот текст: в.д. директор).

В.д. директорот, на предлог на претставниците на вработените се избира со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

В.д. директорот ги има сите права и должности на директор.

В.д. директорот може да ја врши должноста до изборот на директор, а најдолго шест месеци од денот на неговиот избор.

Начинот на гласање за избор на в.д. директор се утврдува на самата седница на која се врши изборот.

**ИСТРАЖУВАЧИ**

**Член 56**

Истражувачите во Институтот се избираат во научни звања.

Научните звања се утврдени со Законот за научно-истражувачката дејност.

**Предвремен избор во повисоко звање**

**Член 57**

Иницијатива за поведување постапка за предвремен избор во повисоко звање може да покренат Советот или директорот на предлог на одделението од кое произлегува истражувачот.

За натамошната постапка се применуваат одредбите од Законот за научно-истражувачката дејност.

**Постапка за избор**

**Член 58**

Постапката за избор во научни звања се врши согласно одредбите од Законот за научно-истражувачката дејност и Правилникот за критериумите и постапката за избор во научни звања на Институтот.

За сите пријавени кандидати Рецензентската комисија поднесува писмен извештај најдоцна два месеци од денот на нејзиното формирање.

**ПРАВА И ОБВРСКИ ОД РАБОТЕН ОДНОС**

**Член 59**

Вработените во установата правата и обврските од работниот однос ги остваруваат согласно Законот за работните односи и колективен договор**.**

**САМОЕВАЛУАЦИЈА**

**Член 60**

За проценка на квалитетот на својата научно-истражувачка и високообразовна дејност, на управувањето, финансирањето, академските и другите активности и приоритети, Институтот врши самоевалуација.

Самоевалуацијата на Институтот ја спроведува комисија за самоевалуација.

Институтот, самоевалуацијата ја врши во согласност со Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје и Упатството за самоевалуација на Универзитетскиот сенат.

## СРЕДСТВА ЗА РАБОТА

**Член 61**

Институтот стекнува средства за работа од Буџетот на Република Македонија, самофинансирање на студентите, образовни активности на втор и трет циклус студии, продажба на изданија и услуги на пазарот, авторски права, легати, подароци, донации и од други извори на начин и под услови утврдени со закон.

Со средствата стекнати од Буџетот на Република Македонија, Институтот располага спред критериуми и намена утврдени од надлежното министерство.

Со средствата стекнати од легати, подароци, завештанија и прилози, установата располага според намената на давателот.

## ИМОТ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 62**

Имотот на Институтот го сочинуваат недвижниот имот (III кат во зградата на ул. „Григор Прличев" бр.5) и другите средства, освен средствата стекнати од легати, наменски прилози, подароци и завештанија.

Институтот самостојно управува со имотот и ги користи предметите, финансиските средства и другите материјални права потребни за вршење на дејноста, под услови и на начин определени со закон.

## СТАТУСНИ ПРОМЕНИ

**Член 63**

Институтот, по претходна согласност на Владата на Република Македонија, може да се спои, подели или припои, согласно со закон и овој статут.

За случаите од ставот 1 на овој член, мислење, односно предлог, односно одлука донесува Советот.

## ОПШТИ АКТИ НА ИНСТИТУТОТ

**Член 64**

Во Институтот, покрај статутот, се донесуваат и други општи акти кои се однесуваат на: остварувањето на правата, обврските и одговорностите од работен однос, организацијата на работата и систематизацијата на работните места, стручното оспособување и усовршување на вработените, издавачката дејност и сл.

**Член 65**

Толкување на одредбите на овој статут дава Советот.

**Член 66**

Изменувањето и дополнувањето на статутот и другите општи акти се врши на начинот како и за нивното донесување.

Другите општи акти влегуваат во сила осмиот ден од денот на нивното објавување на огласна табла во Институтот.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 67**

Општите акти на Институтот ќе се усогласат со овој статут најдоцна шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој статут.

**Член 68**

Со денот на влегувањето во сила на овој статут престанува да важи Статутот на ЈНУ Институт за македонска литература - Скопје бр. 02-27/28 од 2.3.1999 година и Статутарната одлука за неговата измена бр.01-183/6 од 29.12.2003 година.

**Член 69**

Овој статут влегува во сила со денот на објавувањето на огласна табла на Институтот, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

5.3.2010 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОВЕТОТ**

**д-р Маја Јакимовска-Тошиќ**

ЈАВНА НАУЧНА УСТАНОВА
ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА
СКОПЈЕ
Примено: 6.7.2010
Орг. Един. 01 19/9 Вредност:

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за научно-истражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08 и 103/08) Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 5.07.2010 година донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност на Статутот**
**на ЈНУ Институт за македонска литература Скопје**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на ЈНУ Институт за македонска литература Скопје број 01-50/5 од 10.03.2010 година, донесен од Советот на Институтот за македонска литература Скопје на седницата, одржана на 5.03.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

**Бр.51-304/1**
**5 јули 2010 година**
**Скопје**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Зоран Ставрески**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ

**1733.**

Врз основа на член 84, алинеја втора од Уставот на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/91), донесувам

**У К А З**
**ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА ВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО КНЕЖЕСТВОТО ЛИХТЕНШТАЈН**

I

Г-дин Рамадан Назифи, се поставува на должноста вонреден и ополномоштен амбасадор на Република Македонија во Кнежеството Лихтенштајн, со седиште во Берн.

II

Министерот за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

III

Овој указ влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Указ број 69
14 јули 2010 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов**, с.р.

---

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**1734.**

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за научноистражувачката дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/08 и 103/08) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТОТ НА ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА МАКЕДОНСКА ЛИТЕРАТУРА СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Статутот на ЈНУ Институт за македонска литература Скопје број 01-50/5 од 10.03.2010 година, донесен од Советот на Институтот за македонска литература Скопје на седницата, одржана на 5.03.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-304/1
5 јули 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1735.**

Врз основа на член 11, точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНА СМЕТКА И ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2009 ГОДИНА НА ЈПВ ХС „ДОЈРАНСКО ЕЗЕРО“-СТАР ДОЈРАН**

1.Со оваа одлука се дава согласност Годишната сметка и Годишниот извештај за 2009 година на ЈПВ ХС „Дојранско Езеро“-Стар Дојран бр. 02-101/1 и бр. 02-100/1 од 22.02.2010 година, усвоени од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 22.02.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-1428/1
5 јули 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1736.**

Врз основа на член 11, точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09, Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ЗА 2009 ГОДИНА НА ЈПВ ЛИСИЧЕ – ВЕЛЕС**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка и Годишниот извештај за работењето за 2009 година на ЈПВ Лисиче – Велес, бр.02-257/2 и 02-257/3 од 10.06.2010 година, усвоена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата, одржана на 10.06.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.51-1495/1
5 јули 2010 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Зоран Ставрески**, с.р.

---

**1737.**

Врз основа на член 11 точка 6 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија“ бр.38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07 и 83/09), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 5.07.2010 година, донесе

**О Д Л У К А**
**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА ЗА 2009 ГОДИНА И ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО 2009 ГОДИНА НА ЈП ЗА УПРАВУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПОВЕЌЕНАМЕНСКО ПОДРАЧЈЕ „ЈАСЕН“ - СКОПЈЕ**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишната сметка за 2009 година и Годишниот извештај за работењето во 2009 година на ЈП за управување и заштита на повеќенаменско подрачје „Јасен“ - Скопје, бр. 02-